ЗАПИСНИК

Втора седница на Локален Економско Социјален Совет на Општина Битола која се одржи на 30.10.2014 (четврток) во Центарот за вработување Битола со почеток во 10 ч.
Седницата ја водеше Симон Силјановски – потпреседател на ЛЕСС
Присутни членови на ЛЕСС (прилог список за присуство)
Членовите на ЛЕСС едногласно го усвоија следниот :

Дневен ред

1. Утврдување на статусот на активностите и идентификување на потребите за подобрување на ефективноста на ЛЕСС Битола
2. Заклучоци од средбата на ЛЕССовите во Охрид 26-27 септември, 2014
3. Планирање на работата на ЛЕСС Битола во следните шест месеци
4. Утврдување на два главни приоритети и можности за нивно финансирање од УСАИД ЈЕС Мрежа
5. Поддршка во организација на Саем на трудот на Центарот за вработување Битола
6. Информирање за ЕУ проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување за спроведување на активни мерки и услуги на пазарот на трудот“
7. Утврдување датум за следниот состанок
8. Разно

Состанокот го отвори потпретседателот на ЛЕСС **Симе Силјановски** кој потсети дека работењето на ЛЕСС и членувањето во него е волонтерска работа со тоа оправдувајќи го отсуствотот на дел од членовите.

Б.Шаклевски побара разрешување на членот на опозицијата Васко Ковачевски и изгласување на новиот претставник Благојче Котески.

В.Налевска истакна дека беше контактирана опозицијата и од нивна страна беше назначен Благојче Котески. Исто така има промена и во членот од работодавачите - на местото од Илија Ефински беше назначен Ратко Христов .

Беше објаснато од страна на **В.Манасиева** дека замената на членовите од главните социјални партнери е право на институцијата/страната од каде се номинирани и од каде доаѓаат членовите, така што нема потреба од гласање, туку само формално-правно да се нотира прифаќањето на новите членови на ЛЕСС, Котески и Христов.

Присутните ги поздрави и претседателот на Сојузот на Синдикати **Живко Митревски** кој е воедно и потпретседател на Националниот ЕСС чија цел е потикнување на социјалниот дијалог. Митревски ја истакна и соработката со УСАИД и поддршката која се добива во делот на реализација на заеднички активности, транспарентност и видливост на ЛЕСС и информира дека наскоро се планира организирање на конференција на сите ЛЕСС-ви.
Инаку, досега се формирани 10 локални ЛЕСС, а следи формирање на уште 6.
Тој истакна дека сака да слушне кои се очекувањата на ЛЕСС Битола од Националниот ЕСС и можностите за заедничко дејствување.

В.Манасиева направи резиме на досегашните активности и придобивки од работењето на ЛЕСС Битола како и се она што се организираше од страна на УСАИД во изминатиов период, а даде посебен осврт на средбите во Струмица, Охрид и Берово.
Од досегашните активности на ЛЕСС Битола ги посочи

- Изготвувањето на стратегија за работа
- Изготвувањето на стратегија за развој на ОБ
- Организирана трибина на тема „Отворање на зелени работни места“.

На средбите во Струмица, Берово и Охрид се размениле искуства и се утврдил статусот на ЛЕССовите од аспект на нивната ефикасност, успешност и видливост, се утврдувале потребите за подобрување на организациските капацитети, се зборувало за улогата на претседателот и останатото раководство во функција на обединување на тимот и ефикасно реализирање на планираните задачи, имало модули за основни лидерски принципи и техники, начин на донесување одлуки (постигнување консензус), разрешување конфликти, активности за јакнење на тимовите, одржливост на активностите и вмрежување. Секој ЛЕСС имал можност во времетраење од 10 минути да ги претстави своите достигнувања, предизвици, добри практики и научени лекции.

На последната средба станало збор за пристап до финансии и ЕУ фондови, се водела дискусија за избор на модел ЛЕСС од Македонија кој би бил поврзан со ЛЕСС (ГСВ-господарско социјално вијече) од Хрватска и на крај бил претставен пример како да се изработи иницијатива или препорака подготвена од ЛЕССот до Советот на Општината.

Манасиева го пренесе искуството од фукционирањето на ЛЕСС во Хрватска и можноста за соработка и црпење идеи од нивното искуство во наредниот период. Таа го потенцираше значењето на соработката меѓу ЛЕСС и Општината и повтори дека е неопходно да се доставуваат постојано предлози или информации до Советот на Општината, кои не мора секогаш задолжително да вклучуваат многу

финансиски, технички или други ресурси, туку може да бидат и само информација за некоја одржана активност на ЛЕСС Битола, како на пр-трибина за минимална плата, К-15, потребите на лицата со посебни потреби , бенефитот на фирмите кои ќе вработат лица со посебни потреби и сл.

На крај, Манасиева ја истакна загриженоста од долгиот период застој и немањето никаква активност од страна на ЛЕСС Битола кој постојано бил спомнуван како модел ЛЕСС од кој другите ЛЕССови треба да учат. Таа рече дека во случајов не се бараат виновници туку треба да се предложи начин како да се надмине неактивноста на ЛЕСС Битола. Таа нагласи дека претставниците од УСАИД ЈЕС Мрежа досега немале пракса на присуствување на состаноците на останатите ЛЕСС-ви, туку од нив добивале само записници. Таа предложи да се направи контакт и уште еден дополнителен обид да се контактираат претседателот (бидејќи според Деловникот тој ги свикува состаноците) и претставниците од бизнис секторот. Претседателот на ССМ истакна дека тој ќе си ја преземе таа улога и дека за следниот состанок сигурно ќе има присуство на поголем број членови. Потоа стана збор за неколку конкретни идеи за активности:

1) **Ж.Митревски -** да се организираат средби со поголемите фирми како Кромберт и Шуберт , Сокотаб и др. и да се разговара околу поддршката која им е потребна во изнаоѓање на кадровски решенија, примање на сезонски работници или др вид соработка со компаниите. Одговорен тим кој ќе ја спроведе оваа идеја: Симон Силјановски, претставник на ЕЛС, претставник работодавачи, претставник од Мобилност.
2) **Кирил Печалев** ќе ја разгледа идејата од организирање активност - селекција на отпад во соработка со училиште и ќе информира за можно сценарио и датум.
3) **Р.Талевска-**
   -Стар ап бизниси - идеја за пристап до работни места преку обука на лицата кои бараат работа
   -Викенд на дегустација- малите бизниси во делот на угостителството да ги претстават своите нови производи и специјалитети.

Тим: Р.Талеска, Ѓорги Јошевски, Елизабета Ристеска. Рок-понеделник-3 ноември- да се достави во писмена форма до ЈЕС Мрежа како разработени идеи, бидејќи некои од овие може да бидат веднаш поддржани од ЈЕС Мрежа

4) **Б.Шаклевски**

- вработување на неколку млади лица со оштетен вид (да се провери информацијата колку слепи лица од Битола немаат работа)
- согласно законската одредба да се прави задолжително чистење на оџаците, ЛЕСС Битола да иницира да се донесат од страна на општината нормативи и акти во врска со ова- за одржување на оџаците во градот да се организира обука за оџачари , професија која е во изумирање и која најчесто ја вршат лица од маргинализирани групи (Роми)

Тим: Б.Шаклевски, Б.Котевски

5) **Фанче Мобилност**

- да се организира по ОУ и СУ еднаш месечно на класен час да се разговара за поддршка на социјалната инклузија

Тим: Фанче Мобилност

6) Да се побара од кариерните центри да изработат лого и промотивни материјали за ЛЕСС Битола

Точка 3 - Во врска со планот на активности за следните 6 месеци кој беше претходно предложен, истиот претрпе одредени промени (во прилог).

Околу **4 точка** за одредување на два главни приоритети се даде рок до понеделник 03.11.2014 членовите на ЛЕСС да се произнесат и да дадат дополнителни идеи

Точка 5 – се даде идеја од В.Манасиева во секое средно училиште да се направи тим од по 4 ученици кои ќе посетат некоја фирма и после тоа ќе разработат бизнис идеја. Ќе се формира комисија (по еден претставник од УСАИД, одделение за ЛЕР во Општината, работадавачите , универзитет) која ќе ги оцени бизнис идеите. Сите бизнис идеи ќе бидат наградени и претставени на Саемот на трудот во организација на Центар за вработување Битола, а идејата со натпреварот да биде поддршка од самиот ЛЕСС на Саемот на труд. За полесно спроведување на идејата, претставникот од одделението за образование, кој воедно е член на ЛЕСС Битола да достави писмо до средните училишта во кое ќе побара да се формираат такви тимови.

Точка 6 Беше презентиран ЕУ проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување за спроведување на активни мерки и услуги на пазарот на трудот“ од страна на ЕУ тимот. Се бара од Центарот за вработување до крајот на ноември да состави предлог проект (нова активна мерка) кој/а ќе биде поддржан/а од сите социјални партнери и за чие реалиизрање ќе добие 10.000 евра од страна на ЕУ. Раководителката Јешим ги предложи следните активни мерки

- Фонд за претприемништво за сите кои сакаат да започнат сопствен бизнис
- Посредување при вработување „Твоја работа е да најдеш работа“
- Доквалификација за напредни ИТ вештини - програми
- Поддршка на практиканството

Точка 7- се договоривме да има состанок на ЛЕСС секој последен четврток во месецот така што сите членови ќе можат да си ги планираат активностите навремено.

ЛЕСС Општина Битола

Записничар
М-р Виолета Налевска

Потпретседавач
д-р Симон Силјановски

Бр.18-185/2
31.10.2014